## П. Бербенлиев, В. Партъчев, Брациговските майстори—строители, София 1963

Во книгата: „Брациговските майстори-строители" е изнесено делото на мајсторите од познатата брациговска архитектонска школа создадена пред крајот на XVIII и во текот на XIX век. Посебно значење, меѓутоа, за нас претставува делот од трудот каде што се разгледува формирањето на оваа школа, која, според проучувањата на авторите, е создадена од македонски мајстори-градители.

Имено, од повеќето села од Костурско и Корчанско, главно пред крајот на XVIII век, поради прогонувања, голем број мајстори-градители ги напуштиле своите огништа и се населиле во Брацигово, каде што ја предложиле својата градителска дејност, градејќи разновидни објекти: цркви, куќи, мостови и други, во повеќе градови низ Бугарија.

Поголем дел од мајсторите се родом од селата Омоцко, Орешче и Слимница, Корчанско. Нивното доаѓање во Брацигово мошне поволно се одразило врз развитокот на населбата. Така, авторите констатираат дека: „повечето от предприемчивите българи (Македонци — м.б.), дошли од Западна Македония били добри майстори строители с богат опит и подчертана интелигентност", додека месното население: „продължило примитивния си живот", Од првите мајстори-градители што дошле од Македонија авторите прибрале податоци за 120 души. Повеќето од нив работеле во обновата на Рилскиот манастир од 1816—1819 година и, доцна, во 1834 година. Меѓутоа, нивната најактивна дејност претставува периодот по Едренскиот мир од 1829 година, кога со султански ферман била дозволена градба на цркви.

Авторите, потоа, изнесуваат биографски податоци за одделни мајстори цитирајќи ги нивните дела. Меѓу позначајните мајстори спаѓаат следниве градители: Никола Тројанов (1775 — 1862) роден во с. Слимница, Корчанско; Боз Петко-Гизда Петко (1784—1864) роден во с. Орешче, Корчанско; Мечкарин Атанас-Насе Грнето (1786—1845) роден во с. Омоцко, Корчанско; Иван Ване Бојанин (1818—1877); Арнаут, Штерјо (1780—1860) роден во с. Омоцко; Иван К. Драгов (1810—1891) од с. Орешче; Прекум Крсто (1785—1858) од с. Слимница, и други. Овие мајстори особено се истакнуваат со изградба на цркви. Така, на пример, мајсторот Никола Тројанов ја изградил црквата Св. Петар и Павле во Вазовград во 1846 година. За оваа црква се смета дека е една од најголемите цркви во Бугарија изградени во XIX век. Потоа, мајсторот Боз Петко ја гради црквата Св. Богородица во Казанл'к во 1834 година, Мечкарин Атанас ја гради црквата Св. Јован во Брацигово во 1833 година и така натака. Изградените цркви главно се големи објекти решени како трикорабни базилики што по својот стил се вклопуваат во романтичарските движења кои, за овој временски период, се карактеристични и за архитектурите кај другите балкански народи.

Покрај цркви, мајсторите граделе и куќи. Така, во книгата со изнесени куќите градени од брациговските мајстори во Брацигово и во други градови низ Бугарија. За станбената куќа авторите доаѓаат до заклучок дека решенијата, функционално и општо архитектонско, на куќата за живеење, се определени од битот и од сачуваните традиции пренесени од родните места, се мисли на Македонија. Така е изнесено, дека постои и извесна близост помеѓу брациговската и охридската куќа. „Несомнено този и още много други белези се пренесени с навиците на майсторите", констатираат авторите.

Куќите се со приземје и кат и со приземје и два ката, градени во дрвена бондрук конструкција на катовите и со камен во приземјето. Тие се разликуваат со карактеристични испусти на катовите во вид на „еркери потфатени со дрвени косници, со испуштени стреи и скулптурална пластика на масите. Куќата во Брацигово, со својата просторна пластика. како и со обработката на деталите, концепцијата на основата и конструкцијата, може да заклучиме, своите форми ги влече од македонската градска куќа, кое, како што погоре наведовме, го констатираат и самите автори.

Покрај куќите во Брацигово, аворите наведуваат дека нашле податоци за изградба на куќи по другите градови во Бугарија и надвор од неа од брациговските мајстори.

Во посебно поглавје се изнесени и општествените и трговските објекти: училишта, магацини и др.

Книгата е илустрирана со богат документационен материјал. Дадена е техничка документација за доста голем број објекти, фото-документација, архивски и друг документационен материјал.

Овој труд има посебно значење за проучувањето на градителите од Македонија, за кои е познато дека во текот на XIX век граделе по сите краишта на Балканот и надвор од него. Трудов недвосмислено потврдува дека основачите на брациговската градителска школа се македонски мајстори и го установува нивното значење и удел за ширењето на архитектонското творештво во Бугарија во XIX век. Делото се одликува и со својата систематичност, прегледност и научна веродостојност, но и на овој труд може да му се забележи дека Македонците се третираат како Бугари, иако самите факти што се изнесуваат во книгата — тоа го негираат,

К. Т.

## МАКЕΔONIKA, 1964—1965. Ἐν Θεσσαλονίκῃ 1965, 336

И во овој број на зборникот, како и во поранешните, поместени се студии, статии, расправи, соопштенија, рецензии и друго од областа на историјата, фолклорот, топономастиката и др.

Бројов е поделен според областите што ги третираат поместените трудови.

Во продолжение од минатите броеви на зборникот, Д. Канацулис ја продолжува својата студија: „Македонскиот град од неговата појава до годините на великиот Константин". Во овој дел од студијата, авторот се осврнува на римските колонии во Македонија и на нивните политички и верски институции. Според авторот, во римската епоха во Македонија имало три видови градови: 1) потчинети, 2) автономи или слободни[1]) и 3) римски градови. Римски градови во Македонија имало пет: Филипи, Пела, Дион, Касандрија и Стоби. Од нив, првите четири биле колонии (coloniae), а Стоби — рамноправен (municipium).

Е. А. Захаријадис пишува за православните потомци на султанот Изедин Кајкаус II во Бер. Откако накратко дава биографски податоци за спомнатиот султан, за неговото семејство и војниците, како и за судбината на тие селџуци и нивните потомци — денешните Гагаузи од Добруџа, авторот опширно се осврнува на еден клон од потомците на Кајкаус II настанат во Бер. Податоците за овој клон авторот ги црпи од пет новооткриени документи од XIV век.

А. Ксингопулос, во својот труд, настојува да ги побие тврдењата на некои историчари, кои врз основа на еден натпис од Стеван Душан во 1347 година, сметаат дека *Морунац* е словенско име на градот Кавала.

А. Псингопулос, во својот труд, ги изнесува резултатите од новите истражувања во црквата Св. Никола Сиракот во Солун. Авторот опширно се задржува на основачот и на годината кога е основана црквата, на првобитната форма на црквата, гробиштата, натписите и др.

Е. Фиувес пишува за еден нов ракопис на Ѓорѓи Завира од Сијатишта — Македонија, пронајден во библиотеката на православната епископија Szentendre на Унгарија, под

[1]) За потчинетите и автономните или слободни градови Дим. Канацулис пишува во зборникот Македоника 4 (1955—1960).